# Статистичко истражување за остварено производство од доцни посеви, овошје и лозја за индивидуалниот сектор

ЗШР_ЗЕ.33Б_А_МК_2024_1

## Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

| | |
|---|---|
| **1** | **Контакт** |
| | |
| **1.1** | **Организација/ институција за контакт** |
| Државен завод за статистика | |
| **1.2** | **Организациска единица за контакт** |
| Одделение за земјоделство, шумарство, лов и риболов и регистар на земјоделски стопанства | |
| **1.3** | **Лице за контакт** |
| Слободан Прчковски | |
| **1.4** | **Звање на лицето за контакт** |
| Советник | |
| **1.5** | **Поштенска адреса** |
| ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија | |
| **1.6** | **Електронска адреса** |
| slobodan.prckovski@stat.gov.mk | |
| **1.7** | **Телефонски број** |
| 00389 2 3295 749 | |
| **1.8** | **Факс** |
| 00389 2 3111 336 | |
| **2** | **Ажурирање метаподатоци** |
| | |
| **2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |
| 19/05/2025 | |
| **2.2** | **Последна објава на метаподатоците** |
| 19/05/2025 | |
| **2.3** | **Последно ажурирање на метаподатоците** |
| 19/05/2025 | |

## 3 Статистичка презентација

### 3.1 Опис на податоците

Податоци за ожнеани површини, вкупно производство и принос по хектар од доцни посеви. Број на родни стебла, вкупно производство, производство по 1 стебло од доцно овошје. Површина на родни лозја, број на родни пенушки, вкупно производство на грозје, производство на грозје по 1 пенушка. Преработено грозје и произведено вино од сопствено произведено грозје.

### 3.2 Систем на класификации

**Национална класификација на дејностите - НКД Рев.2.1** ,
**Номенклатура на земјоделски производи, производи од шумарството, ловот и риболовот и услуги поврзани со нив** (НЗШРУ),
**Номенклатура на територијални единици за статистика** - НТЕС, 2019

**EU regulation 2022/2379**

### 3.3 Опфат на сектор/и

Сектор А-Земјоделство, шумарство и рибарство, групи: 01.1-Одгледување на едногодишни насади и посеви, 01.2-Одгледување на повеќегодишни насади и посеви и 01.3-Одгледување на саден материјал.

### 3.4 Статистички концепти и дефиниции

**Ожнеана површина** е дел од засеаната површина со одреден посев, од која се добива производство од соодветниот посев.
**Родни стебла или пенушки винова лоза** се овошни стебла или пенушки винова лоза способни за род независно од староста и независно од тоа дали во набљудуваната година дале род или не.
**Родна површина** е површината на која се засадени родните стебла овошје или пенушки винова лоза.
**Вкупно производство** е производството со сите загуби во текот на прибирањето, превозот и складирањето, со нормална влажност за соодветниот посев.
**Производство по хектар** е приносот кој се добива од 1 хектар ожнеана површина односно 1 хектар родна површина.
**Производство од 1 стебло** или пенушки винова лоза е приносот кој се добива од едно родно стебло или една родна пенушка винова лоза.

### 3.5 Статистичка единица

Индивидуални земјоделски стопанства.

### 3.6 Статистичка популација

Индивидуални земјоделски стопанства, кои припаѓаат на секторот А, групите 01.1, 01.2 и 01.3 од НКД Рев. 2.1.

### 3.7 Референтна област

Општини

## 3.8 Временска покриеност

Од 1962 година наваму.

## 3.9 Базен период

не е применливо.

# 4 Единица на мерење

Хектари (ха),

Број,

Килограми (кг),

Литри (л).

# 5 Референтен период

Година (состојба на 10.11).

# 6 Институционален мандат

## 6.1 Законски акти и други договори

**Национална законска регулатива**: **Закон за државната статистика** („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/1997, 21/2007, 51/2011, 104/2013 , 42/2014, 192/2015, 27/16, 83/18, 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20) и

**Програма за статистички истражувања** 2023-2027 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.29/23)

**Меѓународна регулатива**: **Регулатива бр. 2022/2379** на Европскиот Парламент и Советот на Европа.

## 6.2 Споделување на податоци

Временска серија со годишни податоци од 2000 година преку eDAMIS до Евростат

# 7 Доверливост

## 7.1 Доверливост - политика

1. Заштитата на индивидуалните податоци е регулирана со **Законот за државна статистика**.

2. Основните принципи и активности, што се преземаат за да се обезбеди доверливоста на податоците се опишани во **Политиката за статистичка доверливост**.

## 7.2 Доверливост - третирање на податоците

Во согласност со член 38 од **Законот за државна статистика** и **Политиката за доверливост**,индивидуалните податоци не се објавуваат.

| 8 | Политика за објавување |
|---|---|

| 8.1 | Календар на објавување |
|---|---|

Датумот на објавување на податоците се утврдува во Календарот за објавување на Соопштенија, koj се ажурира квартално.

| 8.2 | Пристап до Календарот на објавување |
|---|---|

**Календар на објавување**

| 8.3 | Кориснички пристап |
|---|---|

Сите корисници имаат истовремено ( или еднаков) пристап до статистичките податоци: ова значи дека датумите за објавување на статистичките податоци се претходно јавно објавени и никој корисник нема пристап до официјалните статистички податоци пред нивното објавување. Статистичките податоци прво се објавуваат во едицијата „**Соопштенија** “ на ВЕБ страницата на Државниот завод за статистика во 12.00 часот.

| 9 | Фреквенција на дисеминација |
|---|---|

Годишна.

| 10 | Достапност и јасност |
|---|---|

Во согласност со Стратегијата за дисеминација, Соопштенијата се објавуваат годишно и истите се достапни на ВЕБ страницата на ДЗС во поглавјето:„ **Соопштенија** “.

| 10.1 | Соопштенија |
|---|---|

Соопштенијата се објавуваат (и истите се достапни на ВЕБ страницата на ДЗС во поглавјето:„ **Соопштенија** “

| 10.2 | Публикации |
|---|---|

**Статистички годишник**

**Регионите во Република Северна Македонија**

**Северна Македонија во бројки**

**МакСтат избор**

**Статистика на животна средина**

| 10.3 | Онлајн база на податоци |
|---|---|

**Макстат база на податоци, растително производство**

| 10.4 | Пристап до микроподатоци |
|---|---|

Користењето на микроподатоци за надворешни корисници е можно само за истражувачки цели и се врши во согласност со **Законот за државна статистика** ( член 41, член 42 и член 43). Пристапот до анонимизирани микроподатоци е дефиниран со

интерна процедура на Државниот завод за статистика „ **Пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели** ".

## 10.5 Друго

По барање на корисниците, податоците се подготвуваат и во форма согласно нивните потреби. Податоците се доставуваат и до ЕУРОСТАТ преку системот еДамис.

## 10.6 Документација за методологијата

Методолошки материјал „ **Методологија за статистичките истражувања од областа на растителното производство 3Е-22, 3Е-32, 3Е-33 и 3Е-23** ", 2023.

## 10.7 Документација за квалитетот

Извештај за квалитет од ДЗС, број на прегледи на метаподатоци = 27.

Извештај за квалитет од ДЗС се доставува и во Евростат

https://ec.europa.eu/eurostat/cache/metadata/EN/apro_cp_esqrscn_mk.htm

# 11 Управување со квалитет

## 11.1 Обезбедување на квалитетот

Квалитетот на процесите и продуктите, во Државниот завод за статистика се обезбедува со почитување на **Европскиот Кодекс за работа на европската статистика** и **Рамката за оценка на квалитетот во рамките на Европскиот статистички систем** ( ESS Quality Assusrance Framework). Критериумите за квалитет се утврдени и во **Законот за државна статистика** во член 4б и член 4в.

## 11.2 Оценка на квалитетот

Државниот завод за статистика ги реализира статистичките активности во согласност со Статистичкиот бизнис процес модел, кој се базира на меѓународниот модел - Генерички статистички бизнос процес модел (Generic Statistical Business Process Model-GSBPM) . Примената на овој модел, како и примената на меѓународните стандарди во статистичката продукција обезбедуваат високо ниво на точност и споредливост на податоците.

# 12 Релевантност

## 12.1 Потреби на корисниците

Домашни корисници на податоци од областа на растителното производство се Владата на РСМ, бизнис заедницата, невладини организации, факултети и научно истражувачки институции, здруженија и асоцијации на земјоделски производители, медиуми, студенти и други физички и правни лица. Исто така, овие податоци ги користат и меѓународните институции.
Податоците за земјоделските и засеаните површини се показатели за состојбата со

земјоделските површини, соодносот на посевите и искористеноста на земјоделските површини и со кои се врши анализа на состојбите, планирање и инвестиции со цел подобрување на растителното производство како основна гранка за исхрана на населението. Податоците од растителното производство се користат и за потребите на преработувачката индустрија и на извозот, како и за планирање на субвенции и други мерки во растителното производство.

### 12.2 Задоволство на корисниците

Почнувајќи од 2009 година, Државниот завод за статистика на секои три години спроведува Анкета за задоволство на корисниците.

### 12.3 Комплетност

Комплетност на податоците на национално ниво = 100%.
Комплетност на податоците за Евростат = 100%.

## 13 Точност и веродостојност

### 13.1 Севкупна точност

Методологијата на истражувањето и начинот на прибирање на податоците обезбедуваат солиден опфат и точност на податоците.

### 13.2 Примерочни грешки

Не е применливо.

### 13.3 Непримерочни грешки

Не е применливо.

## 14 Навременост и точност

### 14.1 Навременост

Временска разлика до дефинитивните резултати = Т+90 дена.

### 14.2 Точност

Податоците се објавуваат на денот, што е утврден (најавен) во Календарот за навременост.

## 15 Кохерентност и споредливост

### 15.1 Географска споредливост

Постои географска споредливост на дисеминираните податоци на национално ниво и на ниво на региони.

Во однос на географската споредливост со останатите европски земји, исто така е обезбедена споредливост бидејќи податоците се прибираат во согласност со европските регулативи.

### 15.2 Временска споредливост

Временска серија на национално ниво од 1962 година и нема прекин на временската серија.

## 15.3 Меѓудоменска кохерентност

Направени се споредби на податоците на макро ниво со податоците од „Месечен извештај за откуп на земјоделски производи од индувидуалните земјоделски производители" (ТРГ.31) и „Месечниот извештај за продажба на земјоделски производи" (ЗЕ.ТРГ.33). Податоците се кохерентни.

## 15.4 Внатрешна кохерентност

Внатрешна кохерентност на податоците е обезбедена.

# 16 Трошок и оптовареност

не се пресметува.

# 17 Ревизија на податоците

## 17.1 Политика за ревизија на податоците

Ревизијата на податоците се прави во согласност со **Политиката за ревизија на ДЗС**.

## 17.2 Практика за ревизија на податоците

Не е применливо.

# 18 Статистичка обработка

## 18.1 Извори на податоци

Истражувањето за оствареното производство од доцни посеви за индивидуалниот сектор се спроведува со целосен опфат со метод на процена. За потребите на растителното производство, на територијата на Република Македонија постојат околу 1770 проценбени подрачја при што се опфатени сите површини и производство во индивидуалниот сектор.

## 18.2 Фреквенција на прибирање податоци

Годишно.

## 18.3 Прибирање на податоците

Податоците за ожнеаните површини, бројот на родни стебла и производството се прибираат со целосен опфат со метод на процена. Проценителите ги проценуваат ожнеаните површини, бројот на родни стебла и производството во проценбените подрачја, податоците ги пополнуваат во статистичкиот прашалник "Извештај за оствареното производство од доцни посеви, овошје и лозја" (ЗЕ.33Б) во печатена форма, ги испраќаат до Регионалните одделенија за статистика, а Регионалните одделенија за статистика подготвуваат сумирани податоци на ниво на општини кои ги доставуваат по пошта во печатена форма до ДЗС најдоцна до 15 ноември.

## 18.4 Проверка на податоците

Проверка на податоците се врши во согласност со дефинираните критериуми за контрола. Проверка на податоците се врши пред и по внесувањето. За отстапувањата се контактираат давателите на податоци.

## 18.5 Компилирање податоци

Едитирање: Пристигнатите податоци од Регионалните одделенија за статистика, по проверката и евентуалната корекција во консултација со РОС и проценителите, се внесуваат на електронски медиум, преку апликација со вградени on-line контроли.

## 18.6 Прилагодување

Не е применливо.

## 19 Коментар

## A.1 Анекси